# Вистински бои

Кристин Хана

САКАМ КНИГИ

За жените што дојдоа во нашето семејство и нè осветлија со своето присуство: Дебра Едвардс Џон и Џули Горсет Џон. За двете другарки, Џули Вилијамс и Андреа Шмит. Ме смеевте и во најлудите моменти и ви благодарам за тоа.

И, како и секогаш, за Бенџамин и за Такер, без кои ќе знаев многу помалку за животот, за љубовта и за радоста.

# Прв дел

Претходно...

Што е страста? Неспорно, тоа е создавањето на една личност... Низ страста, телото и духот бараат свој израз... Колку е поекстремна и поизразена таа страст, толку понеподнослив изгледа животот без неа. Нѐ потсетува дека, ако страста умре или ја одрекуваме, стануваме делумно мртви, а набргу, што и да се случи, сосема умираме.

- *Џон Бурман, филмски режисер*

# Вовед

1979 година

Петнаесетгодишната Винона Греј гледаше низ прозорецот, кон крајбрежниот ранч кој во нејзиното семејство беше веќе четири генерации и со поглед проверуваше дали нешто се сменило. Загубите како нејзината би требало да остават некаков белег – летна трева што ненадејно станала кафеава, темни облаци што одбиваат да се кренат, дрво расцепено од молња. Барем нешто.

Од прозорецот на нејзината соба можеше да го гледа речиси целиот имот наоколу. Одзади, на крајот од имотот, џиновски кедрови дрвја се извишуваа во густа грмушка, со чипкестите крошни кои се веднеа надолу. На брановидните зелени пасишта, во просторот меѓу оградата, се шетаа коњи чии копита ја набиваа високата трева претворајќи ја во кал. Горе на ридот, затскриена во длабоката шума, стоеше куќичката што ја изградил нејзиниот чукундедо кога го прогласил ова земјиште за свое.

Сето ова изгледаше сосема обично, но Винона знаеше дека не е така. Пред неколку години, едно дете загина во студените води крај брегот на езерото Вашингтон, недалеку одовде, па со месеци потоа никој не зборуваше за друго освен за таа трагедија. Мама ја тргна Винона настрана и ја предупреди за невидливите опасности – за подводните струи што можат да те повлечат на дното дури и во плиткото, но Винона сега знаеше дека постојат и други закани кои демнат под површината на секојдневниот живот.

Се тргна од прозорецот и се симна на приземјето. Куќата уште од вчера се чувствуваше некако премногу голема и тивка. Сестра ѝ Аурора седеше стуткана на карираната жолто-сина софа и читаше. Слабичка како моливче

и ковчеста, на свои четиринаесет години, Аурора сега се наоѓаше во онаа несмасна фаза во која не беше ни сосем дете, ни зрела личност. Имаше мала шилеста брада и темнокафеава коса што ѝ паѓаше од темето, долга и права.

„Рано си станала, Фиданче“, рече Винона.

Аурора го крена погледот. „Не можев да спијам.“

„Ех, и јас исто.“

„Виви Ен е в кујна. Ја слушнав пред неколку минути како плаче, ама...“ Аурора ги поткрена слабичките рамена. „Не знам што да кажам.“

Винона знаеше колку на Аурора ѝ е важно животот да остане непроменет. Таа беше миротворецот во семејството, секогаш онаа која се трудеше да ги „измазни“ работите и да исправи сè. Не е ни чудо што изгледаше толку кревка. А, сега, не постоеше ниеден убав збор што можеше да ги смири.

„Јас ќе одам кај неа“, рече Винона.

Ја затекна нејзината дванаесетгодишна сестра како црта нешто наведната над кујнската маса од жолта тврда пластика.

„Еј, Гравче“, рече Винона и ѝ ја разбушави косата на сестра си.

„Е, Грашоче.“

„Што правиш?“

„Еве, нè цртам нас трите.“

Престана да црта и ја крена главата кон Винона. Долгата руса коса со боја на жито ѝ беше како сплеткано гнездо од неисчешлани прамени, а зелените очи ѝ беа вцрвенети од плачење. Но и натаму беше убава, како совршена порцеланска кукла.

„Мама ќе може да нè види од рајот, нели?“

Винона не знаеше како да одговори. Порано верата секогаш ѝ доаѓала лесно, природно и без напор, слично како дишењето, но повеќе не беше така. Ракот им се втурна во семејството и им го расцепи на толку многу делчиња што се чинеше невозможно некогаш да се врати во целина какво што беше.

„Се разбира дека ќе може“, рече тапо. „Ќе ја закачиме на врата од ладилникот.“

Тргна да се оддалечува од сестра си, но веднаш знаеше дека згреши што се помрдна. Во кујнава, насекаде беа сеќавањата на мајка ѝ – во рачно сошиените памучни жолто-сини завеси, во магнетот на кој пишуваше „Планинска мама“ закачен на вратата од ладилникот, во садчето полно со собрани школки кое стоеше на прозорската рамка.

*Дојди, Вини, одиме на плажа да бараме богатство...*

Колку пати само летово Винона ја одби мајка си? Беше презафатена за да се дружи со мама, премногу „кул“ за да шета по плажата и да бара парченца мазно скршено стакло расфрлани меѓу разни школчиња и сува морска трева.

Со таа помисла, пријде кон ладилникот. Ја отвори вратата од замрзнувачот и здогледа кутија со италијански сладолед. Тоа беше последното што сега ѝ требаше, но не можеше да се воздржи.

Зграпчи една лажица, се навали на работната површина и почна да јаде. Низ кујнскиот прозорец гледаше кон земјената приодна патека пред фармерската куќа и кон старата црвена куќичка – засолниште за добитокот на чистинката. А горе, стариот син камионет на татко ѝ возеше „во рикверц“ за да се закачи за ‘рѓосаната приколка за превоз на коњи. Татко ѝ излезе од камионетот и пријде до куката одзади.

„Не вели дека ќе оди на родео“, промрморе Винона и зачекори нанапред.

„Па, секако дека ќе оди“, рече Виви Ен која во меѓувреме повторно почна да црта. „Уште в мугри стана за да се подготви.“

„За на родео? Жити сè.“

Аурора влезе во кујната и застана до Винона пред прозорецот.

„Но... како може?“

Винона знаеше дека сега би требало да го заземе празното мајчино место и да објасни зошто е во ред што

тато продолжува со секојдневниот живот еден ден по погребот на неговата сопруга. Но не можеше ниту да замисли да изговори толкава лага, па дури и ако така можеше да си ги поштеди сестрите од болка. Или можеби, тоа и не беше лага – можеби така прават возрасните, можеби едноставно продолжуваат понатаму. Самата помисла на тоа ѝ се причини уште пострашна, речиси невозможна да ја изговори. Тишината продолжи, па на Винона ѝ стана непријатно. Не знаеше што да каже, како да направи сето ова да биде поподносливо, но истовремено знаеше дека ѝ е должност да го стори токму тоа. Најстарата сестра треба да се грижи за помладите.

„Зошто ја вади Клем од пасиштето?“ праша Аурора додека ја земаше лажицата од рацете на Винона и си земаше сладолед од кутијата.

Виви Ен испушти звук, нешто меѓу плач и вресок, и истрча низ вратата која ја отвори толку нагло, што тресна кога се удри од ѕидот.

„Го продава коњот на мама“, остро рече Винона.

Ја нервираше што прва не го сфати тоа.

„Не би го сторил тоа“, рече Аурора, па ја погледна Винона за потврда. „Нели?“

Винона не знаеше што да каже за да ја смири. Наместо тоа, го следеше примерот на Виви Ен и истрча надвор. Кога стигна до просторот за паркирање, крај шталата, веќе беше задишана. Се relizга сопирајќи во трчањето и застана до Виви Ен.

Таму стоеше татко ѝ држејќи ја Клем за узда. Сончевата светлина му го осветлуваше ободот од каубојскиот шешир, потемнет од пот, и се одбиваше од големата сребрена тока на коланот што го носеше. Неговото, како во камен исклесано лице ја потсети на околните гранитни падини и засенчени долови. На него немаше ни трага од некогашната мекост.

„Не смееш да го продаваш коњот на мама“, рече таа задишано.

„Ти ќе ми кажуваш што да правам, Винона?“ рече тој и за момент се загледа во кутијата со сладолед во нејзината рака.

Винона почувствува дека образите ѝ се вцрвуваат. Ѝ требаше многу храброст за да проговори, но немаше избор. Никој друг немаше да го каже тоа.

„Мама го сака... го сакаше тој коњ."

„Не можеме да си дозволиме да храниме кобила што никој не ја јава."

„Јас ќе ја јавам", вети Винона.

„Ти?"

„Ќе се трудам уште повеќе од порано. Нема да се плашам."

„Имаме ли барем седло што ти одговара?"

Во мачната тишина што следеше, Винона се стрча напред и ја зграпчи уздата од рацете на татко ѝ. Но, се придвижи пребрзо или зборуваше прегласно – нешто стори – и, кобилата силно се оттурна од неа. Винона почувствува како ја пече дланката кога јажето за водење ѝ се засече во месото, а таа се затетерави настрана и за малку не падна.

Виви Ен веднаш се најде до неа, ја смируваше Клементајн со збор и со допир. „Добро си?", ѝ прошепоти на Винона кога кобилата повторно се смири.

А Винона беше премногу засрамена и ништо не одговори. Почувствува како татко ѝ им приоѓа, слушна како неговите каубојски чизми се зариваат во калта. Двете со Виви Ен полека се свртеа кон него.

„Немаш осет за коњи, Винона", ѝ рече.

Ова беше нешто што цел живот го слушаше од него. А, кога ќе го кажеше некој како него, тоа звучеше како многу остра забелешка.

„Знам, но..."

Не ја слушаше. Ја гледаше Виви Ен. Како нешто да мина меѓу нив, како нишка разговор што Винона не можеше да ја сфати.

„Клементајн е темпераментно животно, а и млада е. Не може секој да се справи со неа."

„Можам јас", рече Виви Ен.

Тоа беше точно и Винона го знаеше. Иако имаше само дванаесет години, Виви Ен беше похрабра и побестрашна отколку што Винона некогаш била.

Зависта ја удри како камшик. Знаеше дека мислата ѝ е погрешна, дури и злобна, но посака татко ѝ да ја прекине Виви Ен, да ја засече неговата најубава ќерка со острицата на неговото неодобрување.

Наместо тоа, ѝ рече: „Мајка ти би се гордеела“, па ѝ го подаде старото сино јаже за водење.

Како од некое многу далечно место, Винона ги гледаше како заедно заминуваат. Си рече дека тоа и не е толку важно, дека таа само сака да го спречи да ја продаде Клем, но тие лаги не ја утешија.

Ја слушна Аурора како ѝ приоѓа, таа се качи на ритчето откако заврши драмата.

„Добра си?“

„Да, да.“

„Важно е што тато нема да ја продаде Клем.“

„Така е“, рече Винона и во себе посака така да гледа и таа на целата работа. „Што е важно кој ќе ја јава?“

„Точно.“

Но, години подоцна, кога се сети на таа седмица по смртта на мајка ѝ, Винона сфати дека само таа една постапка – предавањето на јажето за водење во туѓи раце – смени сè. По тој настан, љубомората стана како подводна струја која им течеше во вител под животите. Но, никој не го сфати тоа. Барем не тогаш.

# Поглавје 1

1992 година

На денот што Виви Ен го чекаше – 25 јануари – како да му требаше цела вечност да пристигне. Кога конечно пристигна, се разбуди порано од обично. Долго пред муграта да го осветли ноќното небо, ги фрли прекривките од себе и стана од кревет. Во студената темнина на нејзината соба, облече термо скафандер и стави волнена капа на главата. Зеде пар кожни работнички ракавици, обу големи гумени чизми и излезе надвор.

Технички, не мораше да ги храни коњите. Тоа ќе го стореше нејзиниот најнов помошник на ранчот. Но, бидејќи беше и премногу возбудена за да спие, си рече дека штом е будна може и да сработи нешто полезно.

Немаше месечина да ја води, па не гледаше ништо друго освен сенишното сребрено облаче пред устата од сопствениот здив. Но, ако имаше нешто на светов што Виви Ен го познаваше, тоа беше распоредот на земјата на татко ѝ.

Вотерс Еџ.

Пред повеќе од сто години, нејзиниот чукундедо го зазел и прогласил за свој овој имот и го основал блиското гратче по име Ојстер Шорс. Другите мажи беа избрале понаселени краишта, места со полесен пристап, но не и Абелард Греј. Беше минал опасни рамници за да стаса довде, изгубил еден син во напад од Индијанци и уште еден од инфлуенца, но продолжил да се движи на запад, привлечен од својот сон во ова диво, зафрлено катче од Зимзелената сојузна држава.[1] Земјата што ја избрал, сто дваесет и

1 Evergreen State е популарен прекар за американската сојузна држава Вашингтон (заб. на прев.)

пет ари сместени меѓу топлите сини води на Каналот Худ и шумовитите ритчиња, беше спектакуларно прекрасна.

Се искачи по благата угорница кон шталата што ја изградија пред десет години. Под високата дрвена таваница, се постилаше голема арена за јавање, опашана со ограда со по четири низи дрвја. На источната и на западната страна од градбата имаше вкупно дванаесет боксови. Ја отвори огромната лизгачка врата, при што се запалија таванските светилки со звук како пукање на прстите. Коњите веднаш се вознемирија и со нискање ѝ покажаа дека се гладни. Во следниот час, одвојуваше грстови сено од балите наредени во посебен дел, ги товареше во 'рѓосана количка и ги носеше преку нерамните цементирани патеки. На последниот бокс стоеше посебно изработена дрвена плочка на која беше изгравирано ретко користеното регистрирано име на нејзината кобила: Сината лента на Клементајн.

„Еј, девојко", рече Виви Ен додека го креваше резето од дрвената врата што ја лизна настрана.

Клем меко заниска и ѝ пријде, при што скришно касна малку од сеното во количката. Виви Ен ѝ фрли две ленти сено во железното корито за хранење и откако влезе во боксот, ја затвори вратата зад себе. Додека Клем јадеше, Виви Ен стоеше до неа и ја галеше големата кобила по свилениот врат.

„И, девојко, подготвена ли си за родео?"

Кобилата ја мушна со муцката отстрана како да ѝ одговара, при што за малку ќе ја кутнеше на земја.

Во годините по смртта на мама, Виви Ен и Клементајн станаа неразделни. Еден период, кога тато престана да зборува и почна да пие, а Винона и Аурора беа зафатени со учење во средното училиште, Виви Ен минуваше најголем дел од времето со овој коњ. Понекогаш, кога тагата и чувството на празнина ќе ѝ станеа претешки и не можеше да ги поднесува, ќе се искрадеше од нејзината соба и ќе истрчаше до шталата, па ќе заспиеше во кедровата пилевина до копитата на Клем. Дури и кога порасна и стана популарна, и натаму ја сметаше кобилата за нејзин најдобар

пријател. Своите најдлабоки тајни ги споделуваше само со неа, овде, во слатката миризба на последниот бокс во источниот дел од шталата.

За последен пат ја потапка Клем по вратот и излезе од шталата. Кога стигна до куќата, сонцето веќе беше претворено во мала дамка жолта светлина на зимското небо со јагленосива боја. Од ова поволно место ги гледаше челично-сивите води на Каналот и нерамните, со снег покриени врвови на далечните планини.

Кога влезе во куќата полна со сенки, го слушна познатото крцкање на подните штици на катот, знак дека татко ѝ станал. Отиде в кујна, постави три чинии на масата и почна да приготвува појадок. Додека ја ставаше чинијата палачинки во рерна за да се стопли, го слушна како влегува во трпезаријата. Му тури шолја кафе, додаде шеќер, па му ја однесе.

Тој ѝ ја зеде шолјата од рака без дури и да го крене погледот од списанието *Западен коњаник*.

А таа, еден момент стоеше таму и се прашуваше што да му каже за да почне разговор.

Татко ѝ беше облечен во вообичаената работна облека – излижани фармерки „Вранглер“ и карирана фланелска кошула, со ремен со голема сребрена тока и со кожни ракавици закачени во појасот, и изгледаше како и секое утро. Но сепак, на него имаше и нешто поинакво: едвај забележливи бразди и брчки кои му го оструваа лицето.

Годините по смртта на мама не беа љубезни кон него. Му ги изостриja цртите на лицето и му додадоа сенки каде порано ги немаше, не само во очите, туку и во големите подочници. Грбот му беше закривен – тој велеше дека така се препознава фармер, дека тоа е природна последица на тоа што некој цел живот потковувал коњи, но и личната загуба имаше свој удел во таа закривеност. Виви Ен беше сигурна дека е така. Тежината од неочекуваната осаменост го имаше преобличено исто колку и сите оние часови кои ги минуваше работејќи. Сега, со исправен грб стоеше единствено во јавност пред други, а Виви Ен знаеше колку го боли кога беше принуден да изгледа незгрбавен од сопствениот живот.

Седеше на масата и го читаше списанието додека Виви Ен подготвуваше и служеше појадок.

„Месецов Клем многу добро трчаше на тренинзите“, му рече таа додека седнуваше спроти него.

„Навистина мислам дека имаме шанси да победиме на родеото во Тексас.“

„Каде е тостот?“

„Направив палачинки.“

„Со пржени јајца оди тост, тоа го знаеш.“

„Комбинирај ги со пржените компирчиња. Снемавме леб.“

Тато тешко воздивна, очигледно иритиран. Значајно погледна кон празното место на масата со наместена чинија пред него.

„Си го видела ли Тревис утринава?“

Виви Ен погледна низ прозорецот кон шталата. Никаде не го гледаше нивниот помошник. Немаше трактор во полето, немаше количка до вратата од шталата.

„Веќе ги нахранив коњите. Веројатно излегол да ја поправа оградата.“

„Пак си нашла добар помошник. Кога повеќе не би ги спасувала сите повредени коњи одовде до Јелм, овде воопшто не би ни требала помош. Всушност, и не можеме да си дозволиме такво нешто.“

„Тато, штом зборуваме за пари... ми требаат триста долари за родеото неделава, а и конзервата со кафе е празна.“

Не ѝ одговори.

„Тато?“

„Морав да платам за сеното со тие пари.“

„Нема повеќе?“

„Само што дојде и сметката за плаќање данок“.

„Тоа значи, во неволја сме“, рече Виви Ен и се намурти. Се разбира, ова го слушаше и порано. Отсекогаш знаеше дека нема многу пари, но сега за првпат сфати во

колкава мера тоа е вистина. Наеднаш разбра зошто Винона секогаш велеше дека мора да се штедат пари за даноци. Брзо го погледна татко си. Тој седеше навален напред и со лактите потпрен на маса. Нејзините сестри ќе речеа дека тоа е непристојно, но Виви Ен беше сигурна дека е попаметна од нив.

„Пак ли те боли грбот?“

Не ѝ одговори, се чинеше дури и дека не го слушна прашањето.

Виви Ен стана, отиде во кујната од каде што му донесе „ибупрофен“ и потоа нежно ги стави таблетите на масата.

Тој ги покри со раширените прсти на дланката – дланка на потковач на коњи.

„Тато, некако ќе најдам пари. И, ќе победам неделава. Можеби дури и две илјади долари. Ти воопшто да не се секираш.“

Појадокот го дојадоа во тишина додека тој продолжуваше да го чита списанието. Кога заврши, се оттурна со столот од масата и стана. Посегна по кафеавиот филцен каубојски шешир со дамки од пот, па ѝ рече:

„Направи ме горд татко.“

„Ќе те направам. Пријатно, тато.“

Тој замина, а таа остана да седи на масата со чувство на вознемиреност во себе.

Во најголем дел од нејзините дваесет и четири години, Виви Ен се чувствуваше како лист на вода. Просто пловеше без некоја цел, ја следеше секоја стуја што ќе наидеше кон неа. Во неколку наврати се обиде да ја смени насоката, но секој таков обид (како тој кога се запиша на државниот колеџ) завршуваше брзо, по што таа се враќаше на оваа земја.

Овде сѐ ѝ се допаѓаше зашто беше просто и едноставно. Обожуваше што е со коњите, што ги тренира, што подучува девојчиња со бистри очи кои ја сметаа за идол поради нејзините вештини како јавач. Многу сакаше што сите во гратчето знаеја која е и што ја почитуваа неа и нејзиното семејство. Дури и времето го сакаше многу. Многумина се жалеа на сивите денови кои се нижеа еден по

друг од ноември па сè до април, но нејзе тоа воопшто не ѝ пречеше. Нема дожд, нема виножита. Тагата беше нејзино лично мото уште откако имаше дванаесет години, кога како девојче стоеше до свежо ископаниот гроб и се трудеше да најде некаква смисла во таа несфатлива загуба. Тогаш си рече дека животот е краток и дека најважно е да се забавуваш.

Но, сега дојде времето кога мораше да порасне. Барем еднаш, таа му беше потребна на Вотерс Еџ, а не обратно. Не знаеше точно како да ја спроведе таа промена. Деловното работење и планирањето тешко дека беа нејзини силни страни, но беше попаметна одошто повеќето луѓе мислеа дека е. Само требаше да седне и убаво да размисли.

Но, најпрвин мораше да земе на заем триста долари од некоја од сестрите.

Ќе им каже дека тоа ќе им биде добра инвестиција.

На Винона ѝ се допаѓаше да е главна. Како било, каде било. И тоа, не само да стои до теренот. На колеџот, по само едно предавање по уставно право, сфати каде лежи иднината за неа. Сега, на свои дваесет и седум години, си го имаше наредено животот, горе-долу, како што посакуваше. Секако, не сосема (не беше мажена, не беше во врска, немаше деца и се мачеше со телесната тежина), но во голем дел. Беше далеку најуспешниот адвокат во Ојстер Шорс. Сите знаеја дека е праведна, со цврсти правилни ставови и паметна. Луѓето велеа дека е добра личност која треба да ја имаш на своја страна. Винона си ја ценеше репутацијата речиси исто толку многу колку што си го ценеше образованието. Можеби тато и Виви Ен ја обожуваа нивната земја како нешто свето, но Винона имаше поширока религија. За нејзе, најважна беше локалната заедница, луѓето кои живееја овде. Во ред беше тоа што Виви Ен беше убавото срце на градот. Винона се трудеше да биде неговата совест.

Го притисна копчето на интеркомот на нејзината работна маса.

„Лиза, за десет минути ќе дојдат овие од Советот, погрижи се да има доволно кафе.“

Нејзината секретарка брзо одговори:

„Веќе е наместено."

„Добро."

Винона се загледа во купчето документи пред себе. Во него имаше неколку извештаи за влијанието врз животната средина, предлог урбанистички план и договор за купопродажба на недвижен имот што самата го состави.

Со ова, ќе можеше да се спаси Вотерс Еџ.

Па сега, можеби тоа беше претерување, ранчот не се наоѓаше на работ на финансиска пропаст или нешто слично. Повеќе беше како оние патетични изгладнети коњи што Виви Ен постојано ги спасуваше – куцаше, но некако тераше. Секој месец, тато и Виви Ен едвај собираа доволно пари за да го водат тоа место, а даноците постојано растеа. Ова скришно делче од сојузната држава Вашингтон сè уште не беше „откриено" од помодарите кои ги претвораа крајбрежните парчиња земја во злато, но тоа беше само прашање на време. Набргу, некој инвеститор од некаде ќе сфатеше дека ова заспано гратче се наоѓа веднаш до спектакуларна плажа со поглед на планинскиот венец Олимп, кој наликуваше на швајцарските Алпи. А, кога тоа ќе се случеше, тато ќе се затекнеше како седи врз сто дваесет и пет многу посакувани ари. Подемот на даноците тогаш ќе го присилеше или да ја продаде земјата, или да ја изгуби. Тоа беше иднината чија неизбежност изгледа никој не ја забележуваше, освен неа. Вакво нешто веќе се имаше случено насекаде низ целата сојузна држава.

Запиша во бележникот неколку зборови како потсетник како треба да разговара со него. Од пресудна важност беше тој да сфати колку е значајно сето ова, дека таа нашла начин да го спаси и да го заштити. Подеднакво важно беше, токму таа да биде онаа која ќе го реши проблемот. Можеби тогаш, конечно, татко ѝ ќе се гордее со неа.

Интеркомот зазуи. „Винона, дојдени се."

„Однеси ги во собата за состаноци."

Винона ги стави документите во големо кафеаво плико и посегна по синиот џемпер. Го облече и притоа забележа дека малку ѝ се затега преку градите. Воздивна, но се упати кон собата за состанци.